РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-994/2
04-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-та седница одржана на ден 22.05.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-192/1 од 14.01.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување на двајца наставници по физичко и здравствено образование во ООУ --------------- -------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за пријавените наводи постапиле други надлежни органи и не утврдиле неправилности во предметната постапка за вработување.

Предметот со број 12-192/1 од 14.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Во ДКСК е оформен предмет со број 12-192/1 од 14.01.2025 година, по пријава на познат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување на двајца наставници по физичко и здравствено образование во ООУ „-----------------“ во --------------, по Јавен оглас за учебната 2024/2025 година.

Во насока на проверка на пријавените наводи, ДКСК достави барања до Државен инспекторат за труд и Државен просветен инспекторат, за да извршат вонреден инспекциски надзор над предметната постапка за вработување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По барањата на ДКСК доставени се информации со прилог документација и по разгледување на истата констатирано е следното:
- Државниот просветен инспектор извршил вонреден инспекциски надзор и по извршениот увид во документацијата во однос на предметот на инспекцискиот надзор, изготвил Записник од 07.03.2025 година, во кој констатирал дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот кои се во надлежност на Државниот просветен инспекторат односно, дека нема утврдено неправилности во однос на постапката за вработување на наставници по Физичко и здравствено образование во ООУ „--------------------“ во -------------, по објавен јавен оглас за вработување за учебната 2024/2025 година. Согласно констатираното, инспекциската постапка била запрена.
- Од страна на Државен инспекторат за труд ---------------, на ден 12.02.2025 година извршен е вонреден инспекциски надзор во ООУ „---------------“ во -----------, при кој бил изготвен Записник за утврдената фактичка состојба во кој е констатирано дека не се утврдени неправилности во предметната постапка за вработување на наставници по Физичко и здравствено образование

Имајќи го предвид сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека за пријавената постапка за вработување постапиле други надлежни органи - Државен инспекторат за труд и Државен просветен инспекторат – кои во рамките на своите законски надлежности извршиле вонреден инспекциски надзор во предметното основно училиште и не утврдиле неправилности во работењето на субјектот на надзорот.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата